Врз основа на член 387 став 1, а во врска со членовите 383 и 384 од Законот за трговски друштва и членот 20 од Статутот на Рудници „Бањани” АД Скопје, Одборот на директори на Рудници „Бањани” АД Скопје објавува

# ИЗМЕНА на П О В И К до Акционерите за учество на Собрание на акционери на Рудници „Бањани” АД Скопје, с.Кучевиште Скопје

Собранието ќе се одржи на ден 14.09.2021 (Вторник) со почеток во 9.00 часот во управната зграда на Рудници „Бањани” АД Скопје.

За седницата на редовното собрание на акционери на Друштвото, Одборот на директори го утврди следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на претседавач на собранието на акционери
2. Избор на записничар, заверувач на записник и комисија за верификација и броење на гласови
3. Донесување одлука за распределба на дивиденда од акумулираната добивка во период од 2016-2019 година

**Вклучување на точки во дневниот ред**

Собранието одлучува само за прашањата утврдени со дневниот ред од Одборот на директори. Вклучувањето на нови точки во дневниот ред се врши по писмен пат до Одборот на директори на начин утврден во Статутот и Законот за трговски друштва.

Согласно Законот за трговски Друштва , акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупнот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки , доставено во писмена форма до Одборот на директори, со приложено образложение за предложената точка како и да предложат усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието. Барањето за вклучување на точки во дневниот ред или предлагањето на одлуки , акционерите можат да го достават во архивата на Рудници Бањани АД Скопје во рок од 8 дена од денот на објавување на јавниот повик за одржувањe на седница на Собранието.

**Право на учество и пријава на учество**

На Собранието може да учествува секој акционер лично или да овласти полномошник кој ќе го застапува со давање на полномошно во писмена форма, а согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

Секој акционер кој има намерта да учествува на Собранието, дожен е да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата.

Пријавите за учество на Собранието се доставуваат на сл адреса:

Рудници Бањани АД Скопје
1011 с.Кучевиште , Скопје
Со назнака Пријава за учество на собрание
Образецот на пријавата е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.

**Полномошник**

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието на друштвото што ќе учествува и гласа на седницата во негово име. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за полномошното дадено во писмена форма . Со писменото известување се доставува и предметното полномошно. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното.Писменото известување се доставува до архивата на Рудници Бањани АД Скопје.

Обрацсите на полномошното и известувањето за дадено полномошно се достапни за превземање од интернет страницата на Друштвото.

**Материјали**

Матерјалите за седницата на Собранието се достапни за акционерите и нивните полномошници, од денот на објавување на овој повик и истите се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.

**Официјална интернет страница на друштвото е :www.banjani.mk**

Напомена: Во услови на пандемија Рудници Бањани АД Скопје ги следи и применува сите мерки за заштита кои ги превзема Владата на Република Северна Мамедонија.

**Рудници „Бањани” АД Скопје**
**Одбор на директори**